57 AU

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57- 83**
**Датум: 16.10.2024 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул.Вардар 13, Струга | |
| Адреса за е-пошта | Facebook – Strugafest, feststruga@gmail.com | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Халк банка АД Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта feststruga@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 03.10.2024 г. 07.10.2024 09.10.2024и 14.10.2024 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 16.10.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | / | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура-во натамошниот текст: МК) |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налог бр. 57-83 од 25.09.2024 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор - главен инспектор со задолжување да се изврши вонреден инспекциски надзор на субјектот на надзор Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, а во врска со наводите од Барањето бр.21-8091/1 од 05.09.2024г., поднесено од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста при Министерството за култура и туризам.

**4)Инспекцискиот надзор е извршен од:**

инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

**5)Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор се врши од аспект на примена начлен 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 240.000 денари, од одобрените 300.000 денари согласно со Договорот бр. 21-2348/1 од 27.02.2024 г., за учество во финансирање на проектот – „**Фестивал Струга Фест**“ избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко сценската дејност за 2024 година како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај

со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на соодветен образец за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери и видеа).

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата, а во врска со член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше субјектот на надзорот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта<br>feststruga@gmail.com |
|---|---|---|

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни :

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта<br>/ |
|---|---|---|

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор, односно на присутното лице му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- Проектот „Фестивал Струга Фест", со Пријава УП1 бр. 1473/2023 од 04.11.2023 година, истиот избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година а согласно со Решението УП1 бр. 1473/2023 од 08.02.2024г., донесено од Министерот за култура истиот е прифатен како проект од национален интерес во културата од областа на манифестации и фестивали од музичката и музичко сценската дејност за 2024 година.

- Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договорот бр.21-2348/1 од 27.02.2024 г., за учество во финансирање на проектот- „Фестивал Струга Фест", избран на Конкурсот за учество во финансирање проекти од национален интерес во културата за 2024 година од обласа на манифестации и фестивали од музичката и музичко сценската дејност за 2024 година, а за финансирање на проектот се одобрени средства во износ од 300.000 денари, и тоа за следните намени: хонорари, техничка опрема, пропаганден материјал, коктел, сместување.

- Со Барањето за исплата на одобрените средства заведено во писарницата на МК под бр. 21-2348/2 од 20.03.2024 г., корисникот доставил и **Образец за оперативен и финансиски план** за користење на одобрените средства за реализација на проектот (по намени и износи). Во Оперативниот и финансиски план е наведено дека проектот „Фестивал Струга Фест", ќе се реализира во градот Струга од 12.07.2024 до 15.07.2024 година (1 дена). Исто така, наведено е дека преведените средства ќе се трошат за следните намени: **1. Техничка опрема во износ од 93.930 денари; 2. Хонорари во износ од 80.070 денари; 3. Пропаганден материјал во износ од 50.000 денари, 4. Коктел во износ од 70.000 денари и 5. Сместување во износ од 6.000 денари односно вкупно трошоци во износ од 300.000 денари.** Во прилог на Оперативниот и финансиски план доставена е Изјава за наменско користење на средствата од Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга.

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, за доставување извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека е постапено односно Образецот за наративен и финансиски Извештај е доставен на ден 26.08.2024 година заведен под бр. 21-7826/1 од истиот датум.

Притоа во прилог со извештајот беше доставена следната документација: Договор од 08.06.2023 година помеѓу Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга и д Струга, како интерпретатор на манифестацијата Струга Фест, со хонорар во бруто износ од 40.070 денари;


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Договор од 08.06.2023 година помеѓу Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга и како интерпретатор на манифестацијата Струга Фест, со хонорар во бруто износ од 40.000 денари; Фактура бр.102 од 16.07.2024 од Индекс Дрим Хотел, за хотелски услуги во износ од 6.000 денари; Фактура бр.301-2 од 28.06.2024 година ОН Стаге Продукција Дооел Струга за техника и опрема во износ од 93.930 денари; Фактура бр.1/2024 од 19.07.2024 од ИБРМАРКЕНТИНГ 2022 ДООЕЛ, за пропаганден материјал во износ од 50.000 денари; Фактура бр.442/2024 година од АДФ-Компани Дооел за набавка на природно минерална вода, количина 8.750 единици, во износ од 70.000 денари; и Извод бр.14 од 23.07.2024 од Халк Банка АД Скопје.

- Со Решението за преведување на средства бр. 21-2348/4 од 27.05.2024 година, на корисникот Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга за проектот - „Струга Фест“, му е исплатен прв дел од средствата во износ од **240.000 денари**.

- На денот на инспекцискиот надзор на 03.10.2024 година, од страна на одговорното лице директор беше изјавено дека проектот *„Струга Фест„* е реализиран во Струга во центарот за култура Браќа Миладиновци – летна сцена Струга на ден 14.07.2024 година. Притоа во прилог беше доставена следната документација: Извод бр.11 за уплатени средства по Фактура бр.301-2 од 28.06.2024 година ОН Стаге Продукција Дооел Струга за техника и опрема во износ од 93.930 денари, Уплатница Халк банка од 23.07.2024 на износ од 6.000 денари за уплата по Фактура бр.102 од 16.07.2024 за Инекс Дрим Хотел; УСБ со фотографии и видео материјали од фестивалот Струга Фест;

- На ден 07.10.2024 година, по емаил беше испратена следната документација: Фактура бр. 1/2024 од 27.07.2024 година од ИБР Маркетнинг 2022 ДООЕЛ за пропаганден материјал на износ од 50.000 денари во прилог со спецификација на промотивни материјали и тоа: (флаери, покани, реклама објава на два портали, печатење церада, благодарници, одржување и ажурирање на веб страна на ФБ и Инстаграм); Фактура бр.301-2 од 28.06.2024 за техника и опрема во износ од 93.930 денари, во прилог со техничка спецификација за опрема за озвучување и осветлување на настанот Струга Фест; Извод бр.11 од 02.07.2024 за извршена уплата на Он Стаге Продукција во износ од 93.930 денари по ф-ра 301-2; Ф-ра бр.102 од 16.07.2024 од Инекс Дрим АД Струга во прилог со сметка бр.003137 од Хотел Дрим од 16.07.2024 ноќевање со појадок во износ од 3.004 денари и сметка Хотел Дрим сметка бр.003138 од Хотел Дрим од 16.07.2024 ноќевање со појадок во


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

износ од 3.004 денари; дополнета програма на фестивалот СТРУГА ФЕСТ; печатени промотивни материјали од FB Struga Fest и од објави на веб портали Struga Ekspres, Radio Rrapi 107.5Fm, StrugaLajm.com, Made in Struga FB, Struga Post FB, In7,tv. На ден 10.10.2024 година, по пошта беше доставена во оригинал горенаведената документација.
На ден 14.10.2024 година по емаил беше доставена Испратница бр.9 за пропаганден материјал, за фирмата ИБР Маркетинг заради потребите на рекламни услуги за Струга фест ќе ги користи услугите на Радио Рапи, Струга Експрес, Струга лајм, ин 7, за период од 15.05.24 до 15.07.2024 за медија закуп на веб портали и радио реклама.
Од корисникот Здружение АВАНГАРД КУЛТУРА Струга во врска со Фактурата бр.442/2024 од 19.07.2024г., од АДФ-Компани Дооел за набавка на природно минерална вода, количина 8.750 единици, беше побарано да достави испраница за доставена стока согласно со член 6 став 1 за испорака на стоки од Договорот бр. бр.21-2348/1. Од страна на корисникот беше изјавено дека горенаведената фактура е погрешна и во прилог беше доставена нова изменета Ф-ра бр.442/2024 со нов датум од 14.10.2024 година, со испратница од АДФ-компани Струга со нова променета набавка на стоки: природно.мин.вода, липтон лимон, липтон праска, швепс тоник, редбул, фанта тропикал, смирноф-ице, на износ од 70.000 денари, која истата не е уважена бидејќи е со нов датум по реализација на проектот и со променета набавка на стоки.

Од документацијата презентирана при инспекцискиот надзор, утврдено е дека за реализација на проектот *„Струга Фест“* од преведените средства во износ од **240.000 денари** корисникот потрошил средства по следните износи и намени и тоа:

| **Ред. Бр.** | **Намена** | **Доверител** | **Исплатени** | **Неисплатени** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Техничка опрема | ОН Стаге Продукција Дооел Струга | **93.930 денари** | | (Фактура бр.301-2 од 28.06.2024 година ОН Стаге Продукција Дооел Струга за техника и опрема во износ од 93.930 денари, Извод бр.11 за исплатени средства по ф-ра бр.301-2, со техничка спецификација); |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Хонорари | Хонорари за | **80.070 денари** | | Извод бр.14 од 23.07.2024 од Халк Банка АД Скопје за уплатени средства на зо износ од 37.600 денари и во износ од 37.666денари);и данок на доход во износ од 4.804 ден. |
| 3. | Пропаганден Материјал | ИБР МАРКЕНТИНГ 2022 ДООЕЛ | **50.000 денари** | | - Промотивни материјали, флаери, покани, услуга за медиа закуп веб портали и радио, печатење церада-банер, пофалници, постери и одржување на страната на фестивалот. |
| 4 | Сместување | Инекс Дрим хотел, | **6.000 денари** | | Фактура бр.102 од 16.07.2024 од Инекс Дрим хотел, за хотелски услуги во износ од 6.000 денари, уплатница Халк банка од 23.07.2024 и Извод бр.14 од 23.07.2024 од Халк Банка АД Скопје |
| 5 | Коктел | АДФ-КОМПАНИ ДООЕЛ | | **70.000 денари** | Ф-ра бр. 442/2024 од 19.7.2024, за Природно минерална вода количина 8.750 единици во износ од 70.000 денари. (забелешка: нема испратница за достава на стока, доставена нова изменета ф-ра.) |
| **Вкупно:** | | | **230.000 денари** | | |

Во однос на горенаведеното потрошени се средства во вкупен износ од 230.000 денари, од авансно преведените 240.000 денари, додека останатите средства од 10.000 денари кој се останати непотрошени на жиро сметката на Здружение АВАНГАРД КУЛТУРА Струга истите се вратени во Буџетот на РСМ за време на инспекцискиот надзор.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице:**

**- Проектот *„Струга Фест“*, на корисникот Здружение за културата и интеграција на младите АВАНГАРД КУЛТУРА Струга е реализиран во Струга во Центарот за култура Браќа Миладиновци – летна сцена Струга на ден 14.07.2024 година, а дел авансно преведените средства во износ од 230.000 денари се потрошени наменски согласно со Договорот бр. бр.21-2348/1 и Оперативниот и финансиски план бр.21-2348/2, а дел се вратени во Буџетот на РСМ за време на инспекцискиот надзор со што во прилог е доставена уплатница од Халк Банка АД Скопје од 16.10.2024 година на износ од 10.000 денари, оттука е утврдено дека проектот е реализиран во рамките на преведените средства од страна на МКТ и без ненамирени обврски.**

**Со оглед дека не се утврдени неправилности во работењето на корисникот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

**Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.**

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за<br><br>помошник инспектор за Култура | |
|---|---|---|---|
| Датум: | ___.10.2024 г. | Датум: | 16.10.2024 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записникот, да се наведат причините.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk